УДК. 904:726.2(487.774)"15"

Роберт МИХАЈЛОВСКИ
(La Trobe University, Melbourne)

# БИТОЛСКАТА ЈЕНИ ЏАМИЈА ВО СВЕТЛИНАТА НА НАЈНОВИТЕ АРХЕОЛОШКИ ОТКРИТИЈА

Џамијата  Кади Махмуд Челеби или Јени (Нова) џамија е изградена по нарачка на битолскиот кадија Махмуд ефенди, на местото на постара џамиска зграда. Сместена е на централниот градски плоштад, во близината на Саат кулата и црквата свети Димитриј, на десната страна на реката Драгор каде бројот на монументалните џамии е поскромен. Преку големиот мост Јени џамија е поврзана со Безистенот, чаршијата, со главната џамија Исхак Челеби и некогашните управни згради. Денес, овој вреден споменик на османската архитектура зафака значителна површина од централното градско јадро, со сочуван шадрван и убав градски парк околу неа. (Сл 1, разгледница со Јени џамија од поч. На 20-ти век)

Во 1661 била посетена од османскиот патеписец Евлија Челеби кој во својата патеписна книга 'Сејахатнаме' забележил  дека има една џамија на Махмуд Ефенди со натпис:

*Вистина е дека оваа светла џамија*
*Го осветлува градот како ден.*
*О, Лаели кој го состави овој хроностих за џамијата:*
*Молитвено место за пратеникот на божјите наместници. 973 година.*[2]

Овој хроностих на поетот Лаели е  во форма на хронограм (Тарих) и ни ја кажува годината на градбата 973 година по Хиџра/1565. Но според пресметувањето на М. Тефик и К. Томовски, точната година е 966 Хиџра/1558-59,[3] додека според најновата пресметка (Ебџед хесап) на Е. Ајверди и на М. Асимов, точната година на изградбата е 961 по Хиџра/1553-54.[4]

Кадијата Маџмуд Ефенди, за кого нема многу сочувани податоци откако беше назначен во судот во Битола во 959 по Хиџра/ 1551-52 година, востанови побожен Вакаф за новата џамија кој содржеше дукани, куки, магази, анови и хотели. Во близина на џамискиот објект тој отвори медреса, а наоколу џамијата имаше мали гробишта каде беше погребан битолскиот бекташки мистик Халил Баба.[5]

Во 1589 според еден судски документ имаше спор помеѓу муслиманите и христијаните, бидејки христијаните кои живееја околу џамијата им сметаа на муслиманите при службата. Можеби тука и христијаните доаѓаа да се молат како при старо христијанско култно место кое беше во близината на христијанскиот кварт Дабижив, подоцна Црквено маало-Килисе. Со преселувањето на христијаните одовде веројатно се одбележа границата помеѓу двете верски концесии.[6]

[1] Написот е посветен на споменот на колегите Томе Јанакиевски и Славе Кирковски од Заводот за заштита на споменициte на културата, Музеј и галерија во Битола.

[2] Evlija Celebi, *Putopis II*, Sarajevo 1957, 58; M.T.E. Bursali, *Osmanli muellifleri*, 2, Istanbul 1915. Леали Хасан беше битолски поет од 17. век.

[3] М. Тефик, Кратка историја битољског вилајета, *Братство* XXVII, (превод Г. Елеовиќ) Београд 1933, 212; К. Томовски, Џамии во Битола, *Зборник на Техничкиот факултет*, (1956/57) 50, Ова е најдобрата студија за Јени џамија направена од К. Томовски; К. Балабанов, А. Николовски, Д. Ќорнаков, *Споменици на културата на Македонија*, Скопје 1980, 197.

[4] E. H. Ayverdi, *Asimpada Osmanli mimari eserleri Yugoslaviya*, cilt III, Istanbul 1981, 105; М. Асимов, Битолски арапски записи од 16. век, *Битола низ вековите*, IV, Битола 2001, 33-43. Според М. Асимов овој натпис се однесува за џамијата Хаџи Махмуд беј. Му ја изразувам мојата благодарност на Муџаид Асимов за неговата несебична помош при собирањето на материјалот за овој напис.

[5] Томовски, op. cit., 50.

[6] Д. Шопова-Бојаниќ, *Македонија во 15. и 16. век,*



*Сл. 1. Разгледница со Јени џамија од почеток на 20 век*
*Fig. 1-a. Postcard of Yeni Mosque from the beginning of the 20th century*

Џамијата Јени беше активно место эа молитва, эа што сведочи дека во 1829 во едно судско решение се споменува дека новиот Имам Хафиз Халил Ефенди го наследи стариот Имам Мола Исмаил.[7]
Над влезот на денешната џамија е сочувана мермерна плоча со османски турски натпис во кој се споменува реновирањето на џамијата во 1308/ 1890-91 год. кога е преиэграден и проширен тремот на северната страна.[8] Тогаш беше реновирана џамијата од мајсторот-ѕидар Павле Ристик (Ристев) од Смилево и беше додаден нов трем со шест куполи. По наредба на тогашниот Имам беа преупотребени мермерните сполии, а надгробните камења натписите им беа исклепани, за со нив да биде поплочен просторот пред џамијата.[9] (Сл 2. Натпис над влезот на џамијата)
Во 1950 година објектите и гробиштата околу џамијата беа дислоцирани и беше уреден парк со шадрван, а џамијата беше прогласена эа културен споменик и беше преуредена во уметничка галерија на современата графика.
Архитектурата на оваа џамија е сосема слична со главната битолска џамија Исхак Челеби, изградена 45 години порано и која преставува преодна фаза помеѓу Раниот Османски стил од Едрене и Класичниот Османски стил. Има молитвен простор со дименэии од 12.78 и 12,78 метри и купола висока 19 метри, и минаре високо 39 метри. Ѕидовите се градени од камен кој има пожолта нијанса од Исхак Челеби џамијата, со купола поставена со осмоаголен тамбур преку тромпи на квадратната основа. Тремот е долг 14,20 метри и широк 10 метри и е покриен со два реда по три куполи.[10] (Сл 3, План и пресек според К. Томовски)
Интериерот на молитвенот простор е декориран сталактити по аглите со тромпи, и е осветлен со по четири реда на прозорци монументално иэработени. Михработ е декориран со сталактитна геометриска орнаментика. Интересен елемент е дрвениот балкон за проповедникот-Махвил мукебир, чиј влез е преку тунел низ ѕидот до минаретот.
Преминот помеѓу молитвениот дел и тремот е эаштитен со тешки двокрилни порти, во чиј горен дел се изрезбани октогални розети со натписи од Коранот, 112-та Сура Ал Иклас напишана со Чели несих букви. Порталот кој го обрабува Махвилот и портата е врамен со керамички плочки од фајанс со димензии 25 по 25,5 сантиметри и се декорирани со кобалт-тиркиз нијанса врз бела основа.[11] Тие се продукт на работилницата од Изник од 16-ти век и можат да се најдат и во џамијата во Комотини.[12] Тремот на џамијата се потпира на

*Документи од цариградските архиви (1557-1645)*, Скопје 1956, сиџил 53.
[70] *Турски документи эа македонската историја, 1827/1839,* том 5, Скопје 1958, 159, сиџил 99/24.
[8] Томовски, op. cit., 50.
[9] Ј. Хаџи Васиљевиќ, Град Битољ, *Кроз стару Србију и Македонију 1879 године, Братство* 14, Београд 1911, 19-20.

[10] Томовски, op. cit., 50; Ayverdi, op. cit., 105.
[11] Ayverdi, op. cit., 105-107; Томовски, op. cit., 42; А. Андерејевиk, *Исламска монументлна уметност 16. века у Југославији*, Београд 1984, 96; A. Nurhan, *Iznik: the pottery of Ottoman Turkey,* London 1994.
[12] M. Ibrahimgil, Jeni Dzamija–Kadı Mahmut Efendi Dzamija Vo Bitola, (Manastır Yeni Camii-Kadı Mahmut



*Сл. 2. Натпис на влезот на Јени џамија*
*Fig. 2. The inscription at the entrance of the mosque*

мермерни столбови со два вида на капители со декоративен карактер.

Внатрешноста на големата купола со сталактитните тромпи, киблата со михработ, ѕидовите на молитвената одаја беа насликани со эемјени бои во Ал секо техника. Сцени од Коранската небеска есхатологија, мотиви од светите места беа насликани во стилот на Китахја школата. Но, за несрека на почетокот на дваессетиот век непоэнат италијански сликар ги пресликал со свои ведути.[13] Сепак, чувството эа монументалност и висока уметничка вредност на оваа џамија го исполнува секој нејэин посетител.

Оваа битолска џамија е присутна во легендите и преданијата эапишани од Мехмед Тевфик, Марко Цепенков, Јован Хаџи Васиљевиќ,[14] и е поэната по неколку имиња. Најпоэнатото е Нал џамиси (Потковица џамија) која според легендата има сочувани траги од потковиците на коњот на свети Ѓорги, кога коњот удрил со задните копита во ѕидот. Ваквата симболика е сврзана со градската христијанска митологија эа постоењето на храм посвтен на Св. Ѓорги на оваа локација. Второто име, Синџирли бунар џамија е поврэано со некогашниот стар бунар со синџир эа влечење вода эа џамијата, но кој одамна не постои.[15] И во блискиот град Лерин постоеше Јени џамија, на крајот од 19-ти век. Од ова може да се претпостави дека на местото на Јени џамија имаше постара џамија, а пред неа христијански храм. И во народните преданија эабележани од прилепскиот терзија Марко Цепенко е запишано дека во Битола беше манастирски центар и седумдесет и два светци се славеа во црквите. Најпознатите беа Свети Димитриј, Свети Ѓорги, Свети Дух, Света Петка, Свети Никола, Света Ана и Света Катерина.[16] И според битолскиот османски историчар Мехмед Тефик и учителот по историја на Кемал Ататурк во неговата Кратка историја на битолскиот вилајет издадена во 1910 година е забележано дека пред османското освојување на градот на десната страна на реката Драгор имало четириесет и пет цркви со нивни воденици, а на левата страна на реката Драгор имаше дваесет и девет цркви со еднаков број на воденици эа нивно одржување. Според Тефик најголемиот манастир во предосманскиот град бил посветен на Свети Никола и бил управуван од игуменот Никола. [17]

Патеписецот Јован Хаџи Васиљевик при својата посета на Битола ги забележа тогашните преданија во својата книга Кроэ стару Србију и Македонију 1879 године,[18] ја посетил џамијата и ги собрал усните преданија эаклучувајќи дека Седум џамии биле цркви, при што ги наведува црквите: Свети Ѓорги во Нал џамија на некогашниот Пекмез пазар, Свето Воскресение во Хазрети Исхак џамија на Бит пазар, црквата Свети Врачи беше претворена во Занданџик џамија, Свети Никола во Скршена џамија, и црквата Свети Апостоли беше претворена во Хајдар Кади џамија на Овчки пазар...[19] И рускиот конзул Н. Скрјабин во 1885 дава скромни податоци за конвертирањето на црквата Свети Апостоли во џамија, како и П. Беэсонов кој пишува за големиот манастир посветен на Свети Никола во предосманскиот период.[20] Сепак овие легенди добија поголеми размери во времето на Преродбата и во времето на Балканските војни, но и често беа креација на народната имагинација откако Османската империја влезе во фаза на опаѓање.

Во составот на новопочнатиот проект Убикација на средновековна Битола битолскиот археолог др

Efendi Camii), Hilal, Y.4, S.19. Üsküp, 1990, s. 9. За информацијата му благодарам на колегата Мехмед Ибрахимгил.

[13] Андрејевиќ, op. cit. 119/120; Томовски, op. cit., 50; Р. Момидиќ, Џамијата Исхак Челеби во Битола, *Зборник на трудови, завод за заштита на споменициите на културата, музеј и галерија*, бр. 1 (1979) 66.

[14] Р. Михајловски, Преглед на христијанската историја на Пелагонија и архиереите хераклејско-пелагониски до 1767 година, *Прилози на ДНУ-Битола*, т. 54-55 (1993) 8.

[15] Тефик, op. cit., 212; Цепенков, op. cit., 220-223; Хаџи Васиљевиќ, op. cit., 19-20.

[16] Цепенков, op. cit., 222, 119.

[17] Тефик, op. cit., 204.

[18] Ј. Хаџи Васиљевиќ, Град Битољ, *Кроз стару Србију и Македонију 1879 године, Братство* 14, Београд 1911, 19-20.

[19] Исто, op. cit., 20; Р. Михајловски, Преглед на христијанската историја на Пелагонија и архиереите хераклејско-пелагониски до 1767 година, *Зборник на трудови на друштвото за наука и уметност-Битола*, бр. 54/55 (1991) 3-20.

[20] Н. Скрябин, *Политическия и економическия сведения о Битолском виляете,* Битолия 1885, р 40; А. Стерјовски, Народни преданија за името Манастир, *Битола низ вековите*, 2 (1999) 53.



*Сл. 3. Основа и пресек на Јени џамија (К. Томовски)*
*fig. 3 - Plan and cross section, according to K.Tomovski*

Томе Јанакиевски од Заводот за застита на спомениците на културата, музеј и галерија во Битола ги эапочна археолошките ископувања во Јени џамија и во 2003 година беше направен еден ископ долг 12 метри, широк 1.20 метри, и со длабочина од 3 метри. Беше ископан средновековен ѕид од камен со агол кој изլегуваше од габаритот на џамијата. Беа ископани фрагменти од средновековно фреско сликарство како и остатоци од осум човечки скелети, средновековни монети и керамика. Целиот ископан материјал беше датиран и припаѓаше на 12-ти век. Овдека би требало да се додаде и близината на храмот Свети Димитриј кој беше ископуван од археологот Гордана Филиповска-Лазаревска во 2000 година при што беа откопани и истражени керамика, човечки коски во гробови со ориентација исток-запад, како и темели од градба кои припаѓаат на 13 и 14-ти век.[21] Во османскиот град храмот свети Димитриј беше во средината на христијанскиот кварт Килисе (Црковен) и беше главна црква на битолската диецеза.

Археолошките ископувања во Јени џамија продолжија со прекини во периодот од 2004 до 2008 под раководство на археологот Гордана Филиповска-Лазаревска. Во 2008 беше ископан јужниот ѕид од најстариот ѕид врз кој била надградена џамијата. Ѕидот е широк 60 цм. и припаѓа на градба чија дрвена покривна конструкција укажува на базиликална зграда. Во археолошките наоди имаше и движни предмети од христијански црковен карактер: еден двостран пекторален правоаголен медалјон со димензии од 3.5 на 4 цм, два сребрени прстени, два оловни печати (обата од единаесетти век: првиот е со допојасен лик на свети Георги а вториот со биста на Богородица со Исус во медалјон) и ситни метални предмети. Највреден е пекторалниот медалјон врэ кого се иэгравирани позлатените фигури на Свети Никола и Свети Василиј од едната страна и Свети Теодор Тирон и Свети Ѓорги од другата страна. Според Г. Филиповска-Лазаревска ова е ексклузивен наод и може да се датира во 11-ти век, аналоген на археолошкиот наод од Охрид од 11-ти век, а е изработен во Цариград. Сребрениот прстен има изгравирана фигура на света Богородица со Исус во рацете и потекнува од 9-ти век, додека одделни предмети се од првата половина на 14-ти век.[22]

[21] Р. Михајловски, Битолскиот соборен храм Свети Великомаченик Димитриј ниэ вековите и неговата обнова во 1830 година, *Битола низ вековите*, 10 (2007) 43; Г. Филиповска-Лазаревска, Археолошки наоди од 14. и 15. век од црквата свети Димитрија во Битола, *Битола низ вековите*, 3, (2000) 16-17; истата, Археолошки наоди од црквата свети Димитрија во Битола, *Битола низ вековите*, 4 (2001) 15-26.

Ископувањата на археолошката екипа продолжија и во тремот на џамијата. Според Г. Филиповска-Лазаревска во средновековието овој објект бил поплавуван и со години бил под вода эа што сведочи црвената боја од културниот слој во распаднатиот малтер од најстариот објект кој потекнува од 7-ми век. Со досегачните ископувања резултатите се импозантни: пронајдени се темели од три христијански црковни објекти кои можат да се стават хронолошките рамки во 7-ми, 11-ти и 13-14-век, како и темели од два исламски објекти од постара џамиска зграда пред 1553 година. [23]

Последните археолошки истражувања иэвршени во есента 2008 донесоа и понови откритија и информации. Во молитвената сала на џамијата веке целосно се откри источниот дел на средновековната црква со олтарен повекеаголен простор фланкиран со гаконикон и проскомидија од обете страни. Надолжната оска на овој објект е со ориентација исток/запад. Во однос на михработ на џамијата кој има ориентација кон југ што укажува дека правецот кон Мека во Битола е кон југ. Од ова може да се заклучи дека во Битола помегу молитвениот михраб на џамиите ориентирани кон Мека и олтарната насока на христијанските црковни објекти насочена кон исток постои разлика во ориентацијата која е под прав агол и изнесува 45 степени. [24]

Понатаму може да се види дека и делови од темелите на христијанскат црква, која е за три метри под нивото на џамијата, продолжуваат вон џамискиот ѕидан простор, што укажува дека ова е црква со поголеми размери. Археолошката екипа ископа и поголемо количество на фрагменти од фреско живопис кои допрво треба да бидат класифицирани и проучени. Во тремот на џамијата беа вршени археолошки ископувања при што се слезе на ниво под три метри. Беа откриени опожарени остатоци од постар објект, како и дрвена грага од постар објект, веројатно постарата џамиска зграда. Овие плодни археолошки истражувања ке продолжат и во 2009 година.

Идејата на раководството на Заводот за заштита на спомениците на културата, Музеј и галерија во Битола да се адаптира Јени џамија во градски споменик на Христијанската и Исламската историја, религија и култура по примерот на Аја Софија во Истанбул е за секое поэдравување и поддршка. На тој начин Битола ке ги сочува ретките културни вредности од османскиот период, едно ретко и навистина импресивно наследство эа иднинната.[25]

---

[22] Јени џамија иэградена врз темели на ранохристијанска базилика, *Утрински весник*, бр. 1274, 19 септември 2003; http:// www. Culture in mk, 23 september 2003.

[23] Позлатен накит со ликови на светци пронајден во Јени џамија, *Утрински весник*, бр. 2755, 6 август 2008; *Време*, од 7.12.2004.

[24] Би сакал да му се эаблагодарам на колегата Макиел Киел эа неговите сугестии. Види: R. Mihajlovski, *The Development of the Spiritual and Intellectual life in Bitola/ manastir during the Ottoman centuries,* (PhD thesis) La Trobe University, Budoora 2003, 100-106.

[25] Особена чест ми е да и се заблагодарам эа исцрпниот разговор на мојата колешка, археологот Г. Филиповска Лазаревска од Заводот за заштита на спомениците на културата, музеј и галерија во Битола без чија помош овој напис ке беше нецелосен.

Contact address: R. Mihajlovski, La Trobe University, 3086, Melbourne, Australia. E-mail: r.mihajlovski@latrobe.edu.au

Robert MIHAJLOVSKI

# THE YENI MOSQUE IN BITOLA IN THE LIGHT OF THE MOST RECENT ARCHAEOLOGICAL INFORMATION

## Summary

The Cadi Mehmud Chelebi or the Yeni (new) mosque in Bitola was erected in vicinity of the Clock tower, on a site of an older mosque. It was built in 1553-1554 (961 after Hijra) and was visited by Evliya Çelebi in 1661. (fig. 1-a postcard of Yeni Mosque from the beginning of the 20th century) According to the inscription at the entrance it was restored in 1890-91, when a porch was supplemented on the north side. (fig. 2 - the inscription at the entrance of the mosque). The architecture of the Yeni mosque is identical with the main mosque of Cadi Ishak Çelebi, which was built 45 years earlier, and embodies the transitional phase from the early Edirne Ottoman style, and the Classic Ottoman style. Above the entrance, which communicates with the porch and prayer hall a wooden balcony (Mahfili mukebir) is preserved, which is encompassed by a frame of ceramic tiles made in Iznik in the 16th century. This rare decoration is also found in the mosque at Komotini (fig. 3 - plan and cross section, according to K.Tomovski)

This mosque was described in the works of E. Çelebi. M. Tefik, M. Cepenkov, and J. Hadji Valiljevich. According to a legend from Bitola the mosque was erected on the site where once the church of St.George existed, known as "Nal" (the horseshoe of St.George's horse), and also Known by the name of Syndjirli bunar (water-well) mosque.

The archeologist T.Janakievski, in the period prior to 2003 in frames of the project "The Ubication of Medieval Bitola" began the archeological excavation in the interior of the Yeni mosque. Under the supervision of G. Filipovska-Lazarevska the excavations continued in 2004-2008, when the foundation of a 13th-14th century basilica was uncovered, with deaconicon, apse, and proskomidy on the east section. Several objects were excavated as well, a double sided pectoral medallion (3,5 x 4 cm) from the 11th century, two silver rings, two 11th century lead seals ( one with the bust of St.George, and the second depicting the H.Virgin and Jesus Christ), and fresco fragments. The pectoral medallion is decorated with the figures of St.Nicholas and St.Basil, and on the reverse with St.Theodore Tyro and St.George. According to G.Filipovska-Lazarevska the medallion was produced in Constantinople, and has parallels with an 11th century medallion from Ohrid.

The last archeological research unveiled foundations of Christian edifices dating from the 7th, 11th, 13th, and the 14th centuries, as well as the foundation of an older mosque.

It must be noted that in the orientation of the Yeni mosque mihrab (South) and the direction of the basilica (eastward) there is a difference of 45 degrees, and is at a right angle.

The archaeological research continues in 2009.

*Contact address:*
R. Mihajlovski,
La Trobe University, 3086, Melbourne, Australia.
E-mail:r.mihajlovski@latrobe.edu.au